Grant Thornton

Финансиски извештаи и Извештај на независните ревизори

Агенција за електронски комуникации
Фонд за Универзална Услуга

За годината што заврши на 31 декември 2014 година

Одговорност на Раководството

Придружните финансиски извештаи со состојба на и за годината што заврши на 31 декември 2014 година на Фондот за Универзална Услуга при Агенцијата за Електронски комуникации, на страниците од 4 до 8 се одговорност на, и се одобрени од страна на Раководството на Агенцијата.

Придружните финансиски извештаи се подготвени од страна на Раководството на Агенцијата, за целите па известување до Основачот на Агенцијата за електронски комуникации.

Раководството, врз основа на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, има развиено и одржува структура за внатрешна контрола, која вклучува соодветна контролна средина, сметководствени системи и процедури за контрола. Раководството верува дека внатрешните контроли овозможуваат сигурност во однос на финансиските податоци и претставуваат соодветна база за подготовка на финансиските извештаи и дека средствата се правилно евидентирани во книговодството и заштитени. Меѓутоа, постојат внатрешни ограничувања кои треба да се земат во предвид при разгледувањето на сигурноста што ја обезбедува структурата на внатрешната контрола. Внатрешниот процес на контрола исто така го вклучува и информирањето на вработените од страна на Раководството за политиките кои овозможуваат етичко водење на деловното однесување.

Grant Thornton, независните ревизори, беа ангажирани да извршат ревизија на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Нивниот извештај е прикажан на страните 2 и 3.

Владимир Велковски
Раководител на финансии

Роберт Орданоски
Директор

Grant Thornton

Извештај на независните ревизори

Grant Thornton DOO
M.H.Jasmin 52 v-1/7
1000 Skopje
Macedonia

T +389 (2) 3214 700
F +389 (2) 3214 710
www.grant-thornton.com.mk

До Основачот на
Агенцијата за електронски комуникации

Извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на Фондот за универзална услуга (во понатамошниот текст "Фондот") во рамките на Агенцијата за електронски комуникации во Скопје (во понатамошниот текст "Агенцијата") составени од Биланс на состојба на 31 декември 2014 година и Извештај за изворите и користењето на средствата за годината што тогаш завршува, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки вклучени на страниците од 4 до 8.

Одговорност на Раководството за финансиските извештаи
Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за електронски комуникации, Правилникот за обезбедување на услугите опфатени со универзалната услуга и сметководствените политики објавени во белешка 2, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот
Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот, и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, било поради измама или грешка.

При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Фондот. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази претставуваат задоволителна и соодветна основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Наше мислење е дека овие финансиски извештаи ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Фондот на ден 31 декември 2014 година и неговите извори и користење на средствата за годината што завршува на 31 декември 2014 година, во согласност со Законот за електронски комуникации, Правилникот за обезбедување на услугите опфатени со универзалната услуга и сметководствените политики објавени во белешка 2.

Grant Thornton

Скопје,
5 март 2015 година

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

Директор
Ружа Филипчева

Овластен ревизор
Сузана Ставрик

Биланс на состојба

(Износи во МКД)

	На 31 декември 2014	На 31 декември 2013
СРЕДСТВА		
Парични средства и парични еквиваленти	79,388,214	35,772,261
Побарувања од оператори	1,423,747	1,622,208
Вкупно средства	**80,811,961**	**37,394,469**
КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ		
Обврски		
Обврски за камата	51,183	39,642
Вкупно обврски	**51,183**	**39,642**
Пасивни пресметковни сметки		
Пресметана камата	353,942	-
Пресметани обврски	80,406,836	37,354,827
Вкупно пасивни пресметковни сметки	**80,760,778**	**37,354,827**
Вкупно обврски и пасивни пресметковни сметки	**80,811,961**	**37,394,469**

Овие финансиски извештаи се одобрени од Раководството на Агенцијата за Електронски Комуникации на ден 27 февруари 2015 година и се потпишани во негово име од:

Владимир Велковски
Раководител на финансии

Роберт Орданоски
Директор

Извештај за изворите и користењето на средствата

(Износи во МКД)

	За годината што заврши на 31 декември 2014 година	За периодот од 01 март до 31 декември 2013 година
ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА		
Приливи од оператори	76,599,696	76,954,918
Наплатена камата од оператори	211,696	-
Наплатени приливи од оператори од претходни години	889,376	-
Приливи од камата	14,268	39,982
Приливи од повеќе уплатени средства од оператор	225,757	-
Вкупно извори на средства	**77,940,793**	**76,994,900**
КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА		
Надомест кон Македонски Телеком за Универзална Услуга		
- Обезбедување пристап до јавни телефонски услуги	20,833,365	14,246,771
- Обезбедување јавни телефонски говорници	4,657,327	14,311,910
- Обезбедување тарифни модели за корисници со посебни потреби	8,605,664	12,596,969
Платена банкарска провизија	2,727	340
Вратени повеќе уплатени средства од оператор	225,757	66,649
Вкупно искористени средства	**34,324,840**	**41,222,639**
Почетна состојба	**35,772,261**	**-**
Крајна состојба - неискористени средства	**79,388,214**	**35,772,261**

Белешки кон финансиските извештаи

1 Општи податоци

Агенцијата за електронски комуникации е основана со основачки права на Собранието на Република Македонија, како Независно регулаторно тело од областа на електронските комуникации, односно како самостојно и непрофитно правно лице со јавни овластувања, утврдени со Законот за електронски комуникации.

Од 01 март 2013 година, согласно член 26 став 5 од Законот за електропски комуникации, Агенцијата формираше Фонд за универзална услуга за чии средства Агенцијата е должна да води посебно сметководство.

Универзалната услуга опфаќа една или повеќе од следииве услуги:

а) поврзување на крајниот корисник со јавната телефонска мрежа, на негово разумно барање, со овозможување пристап до јавните телефонски услуги на определена фиксна географска локација, овозможувајќи му појдовни и дојдовни повици во локалниот, националниот и меѓународниот телефонски сообраќај, комуникации преку факсимил и пренос на податоци со брзина од минимум 9600 бит/секунда по прифатлива цена;

б) обезбедување достапност на податоците од целосниот телефонски именик и од телефонската служба за информации во согласност со член 34 од Законот за електронски комуникации;

в) обезбедување на разумен број јавнп телефонски говорници од кои е возможно без надоместок да се бираат броевите на службите за итни повици, за да се задоволат потребите на крајните корисници од аспект на географска опфатеност со задоволителен број на јавни телефонски говорници, со можност за пристап на корисниците со посебни потреби и соодветен квалитет на услугата во согласност со член 34 од Законот и/или;

г) обезбедување услови за еднаков пристап и употреба на јавните телефонски услуги од страна на крајните корисници со посебни потреби, вклучувајќи и пристап до броеви на службите за итни повпцп, целосниот телефонски именик и телефонската служба за информации под еднакви услови, како и на другите крајни корисници во Република Македонија.

Агенцијата може да определи еден или повеќе даватели на универзалната услуга, со цел да обезбеди овие услуги да бидат достапни на целата територија на Република Македонија. За определување на давателите на јавна услуга Агенцијата е должна да објави јавен тендер за избор на еден или повеќе даватели на јавната услуга.

Општи податоци (продолжува)

Агенцијата континуирано го следи работењето на давателите на универзалната услуга, , а давателите се должни најмалку еднаш во годината да и достават на Агенцијата податоци за своето работење.

Пресметка на надоместокот за универзална услуга

Давателите на универзална услуга имаат право на надоместување на реалните трошоци за обезбедување на универзалната услуга.

Реалните трошоци за обезбедување на универзалната услуга се пресметуваат како разлика меѓу реалните трошоци за обезбедување на универзалната услуга и трошоците кои давателот на универзалната услуга би ги имал кога не би бил давател на универзална услуга, при што се земаат предвид поволностите што ги има давателот на универзалната услуга, а што произлегуваат од обезбедувањето на универзалната услуга, вклучувајќи ги и нематеријалните поволности.

Висината на средствата за надоместување на овие реални трошоци Агенцијата ги обезбедува од операторите кои поседуваат јавни комуникациски мрежи и/ или даваат јавни комуникациски услуги на територијата на Република Македонија кои годишно остваруваат минимален бруто приход од 100,000 Евра, согласно член 35 од Правилникот за обезбедување на услуги опфатени со универзалната услуга. Износот на средствата изнесува 0.35% од вкупниот приход од претходната година, остварен со вршење на работи со јавни комуникациски мрежи и/или обезбедување на јавни комуникациски услуги.

Врз основа на доставените податоци од операторите, Агенцијата носи поединечно решение за секој од операторите со кое го утврдува износот на средствата за надоместување на реалните трошоци на давателите на универзална услуга, со што воедно го утврдува и рокот за плаќање. Утврдениот износ операторите го уплатуваат на посебна сметка на Агенцијата за Фондот на универзална услуга, најдоцна до 30 април во тековната година.

Фондот нема законски основ за пресметување на данок на додадена вредност.

Даватели на универзална услуга

Со состојба на 31 декември 2014 и 2013 година, единствениот Давател на универзална услуга кој го остварил правото на надомест на реалните трошоци за обезбедување на универзална услуга е Македонски Телеком.

2 Сметководствени политики

Основа за подготовка

Придружните финансиски извештаи се подготвени за целите на известување до Основачот на Агенцијата за електронски комуникации за активностите на Фондот за универзална услуга, во врска со примените средства за надомест на давателите на универзална услуга.

Овие финансиски извештаи се подготвени врз основа на сметководственото начело за готовинските приливи и одливи на Фондот за универзална услуга по основ на надомест на давателите на универзална услуга, како и согласно Законот за електронски комуникации и Правилникот за обезбедување на услугите опфатени со универзалната услуга. Врз основа на сметководственото начело за готовински приливи и одливи, приливите се признаваат кога се наплатени со едновремено признавање на пресметана обврска. Пресметаната обврска Фондот ќе ја исплати на операторот кој ќе ги оствари условите за признавање на правото на надомест на трошоците, односно операторот кој ќе биде одреден како давател на универзална услуга согласно Законот за електронски комуникации.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2014 година и периодот од 1 март до 31 декември 2013 година. Функционална и известувачка валута на Агенцијата е македонски денар. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во денари, освен доколку не е поинаку наведено.

Содржина

	Страна
Одговорност на Раководството	1
Извештај на независните ревизори	2
Биланс на состојба	4
Извештај за изворите и користењето на средствата	5
Белешки кон финансиските извештаи	6